Општинско основно училиште „Св.Климент Охридски“ с.Драчево
Општина Кисела Вода,Скопје,Република Северна Македонија

# ООУ„ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
# С. ДРАЧЕВО

општина Кисела Вода

# ИЗВЕШТАЈ ЗА

СПРОВЕДЕНЕТА

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА
# УЧИЛИШТЕТО



Учебна 2018/2020 година

# Училишна комисија за спроведување на самоевалуација на работата на училиштето:

1. Јаворка Паскоска- психолог - координатор
2. Елена Петрушевска- педагог
3. Сузана Спасовска –одделенски наставник
4. Александар Ѓеорѓиевски – наставник по физичко образование
5. Саше Панев – родител од УО
6. Дејан Стојчевски - родител од УО

Согласно член 129 од Законот за основно образование(Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 г.) и уредбите со Законска сила во период на Корона вирусот , основните училишта спроведуваат Самоевалуација на работата на крајот на секоја втора наставна година.

Во ООУ„Св. Климент Охридски“с. Драчево се спроведе Самоевалуација на работата на училиштето на крајот од наставната 2019/2020 год. Согласно член 1 со Правилникот се пропишуваат начинот и областите за вршење на самоевалуацијата на основните училишта.

## Лична карта на училиштето

- ***Општи податоци за училиштето***

ООУ,, Св. Климент Охридски,, с. Драчево се наоѓа на 12 км. оддлеченост од центарот на град Скопје.
Формирано е 1924 г., наставата се изведува на македонски наставен јазик.

| **Име на основното училиштето** | ООУ„Св. Климент Охридски“ с. Драчево |
|---|---|
| **адреса, општина, место** | Јустинијан први 98, 1000 Скопје општина Кисела Вода |
| **телефон** | (02)2791-065; |
| **телефон – директор** | 070/299-370 |
| **Веб- страна** | https://klimentohridskidracevo.edu.mk |
| **е-маил** | kliment_ohridski_d@yahoo.com |
| **основано од** | Министерство за просвета на НР Македонија |
| **Верификација- број на актот** | 15-1943/4-85 |
| **Година на верификација** | 18.12.1985г. |
| **Година на изградба** | 1922/24 год. |
| **Тип на градба** | цврста градба |
| **Површина на објектот** | 1900 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 3,5 ха |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 1140 м2 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Сопствено греење на нафта |
| **Училиштето работи во смена** | да |
| **Број на смени** | две |
| **Број на паралелки** | 20 |
| **Број на комбинирани паралелки** | / |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Во основното училиште има паралеки за ученици со посебни образовни потреби** | Нема |

| | |
|---|---|
| **Во основното училиште има паралеки од музичко училиште** | Нема |
| **Во основното училиште има ресурсен центар** | Нема |
| **Други податоци карактеристични за основното училиште:** | |
| ***Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | Зелено знаме |
| ***Датум на добиен статус** | 06. 03.2014 г. |

- ***Просторни услови за работа на училиштето***

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 7 |
| **Број на подрачни училишта** | нема |
| **Бруто површина** | 36 900 |
| **Нето површина** | 1 900 |
| **Број на спортски терени** | 2 |
| **Број на катови** | 1 |
| **Број на училници** | 16 |
| **Број на помошни простории** | 3 |
| **Училишна библиотека,медијатека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | сопствено парно греење на мазут |

- ***Материјално- технички услови***

| ***материјално- технички услови*** | ***Вид на опременост*** | |
|---|---|---|
| Пред почетокот на учебната година беа реализирани следните санации:<br><br>-боење на мрсното цокле,<br>- варосување на влезот на училиштето, наставничка канцеларија и канцеларии на директор, секретар и стручна служба;<br>- промена на влезната врата и прозорец во просторијата за Іодд и продолжен престој.;<br>- промена на подот во ходникот за І одд и продолжен престој.;<br><br>- подготовки за уредување на цветен парк;<br>-уредување на паноа во ходниците и училниците; | -Лап топ за наставници- | 33 |
| | -Лап топ за ученици од 1-3 | 143 |
| | -графоскоп | 1 |
| | -фотокопири | 3 |
| | -компјутери за секретар, директор, психолог и педагог | 3 |
| | -компјутери за ученици | 20 |
| | -печатачи | 4 |
| | -ТВ приемници | 2 |
| | -ДВД | 2 |
| | -Радио со ЦД | 7 |
| | -Синтисајзер | 1 |
| | -фотоапарат | 2 |
| | ЛЦД проектор | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| -извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите простории. | | |

***Наставен кадар***

- ***Степен на образование на вработени***

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии – втор циклус | 2 |
| Високо образование | 32 |
| Виша висока спрема | 2 |
| Средно образование | 8 |
| Основно образование | 2 |

- ***Старосна структура на вработени***

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 2 |
| **31-40** | 15 |
| **41-50** | 16 |
| **51-60** | 11 |
| **61 - пензија** | 2 |

- ***Ученици – да се доставата бр на ученицции роми***

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонц | | Албанц | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | Ж |
| **I** | **2** | 45 | 25 | 20 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **II** | **2** | 42 | 17 | 22 | / | / | / | / | 3 | / | / | / |
| **III** | **3** | 67 | 35 | 32 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV** | **2** | 39 | 15 | 23 | / | / | / | / | 1 | / | / | / |
| **V** | **2** | 45 | 20 | 25 | / | / | / | / | **/** | **/** | / | / |
| **I - V** | **11** | **238** | **112** | **122** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4** | **/** | **/** | **/** |
| **VI** | **2** | 47 | 22 | 24 | / | / | / | / | / | 1 | / | / |
| **VII** | **3** | 51 | 32 | 17 | / | / | / | / | 2 | / | / | / |
| **VIII** | **2** | 49 | 23 | 23 | / | / | / | / | 2 | 1 | / | / |
| **IX** | **2** | 38 | 19 | 18 | / | / | / | / | 1 | / | / | / |
| VI - | **9** | **185** | **96** | **82** | | | | | **5** | **2** | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IX | | | | | | | | | | | | |
| **I - IX** | **20** | **423** | **208** | **204** | | | | | **9** | **2** | | |

- ***Наставен јазик***

| | **Наставен јазик -македонски** |
|---|---|
| Број на паралелки | **20** |
| Број на ученици | **423** |
| Број на наставници | **31** |

**Извори и средства за кортистење податоци потребни за спроведување на СЕУ:**

- Анкети за ученици, вработени и родители (online) ;
- Годишни програми за работата на училиштето за 2 години наназад;
- Годишни програми за работа на стручните соработници;
- Програма за професионален развој на наставниот и стручниот кадар;
- Годишни извештаи за работа на училиштето;
- Годишни извештаи за работа на стручните соработници;
- Записници од: стручни активи, Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на родители ; Ученички парламент;
- Правилници за работа, Кодекси на однесување за ученици, вработени и родители;
- Професионални досиеа на наставници;
- Педагошка документација и евиденција во училиштето;
- Предавања, флаери, брошури;
- Документација кај секретарот, директорот и  в.д.директорот.

Самоевалуацијата на училиштето опфаќа анализа на работата за период 2018-2020 год.

На Наставничкиот совет одржан на 23.01.2018 г. беа формирани Комисија за спроведување на СЕУ во состав:

- Јаворка Паскоска- психолог - координатор
- Елена Петрушевска- педагог
- Сузана Спасовска –одделенски наставник
- Александар Ѓеорѓиевски – наставник по физичко образование
- Саше Панев – родител од УО
- Дејан Стојчевски – родител од УО

**Самоевалуацијата на работата на училиштето за периодот од 2018-2020 год. се реализираше во три фази:**

- **Подготвителна** фаза- која опфаќа определување на тимовите, инструменти, техники и документација врз која ќе се врши самоевалуацијата;
- Фаза на **реализација**- спроведување на анкети со ученици, наставници и родители анализа на податоците. Поради појава на Корона вирусот анкетите беа реализирани по електронски пат ( google forms и viber);
- Фаза на **известување** и **усвојување**- самоевалуацијата беше изработена согласно прирачникот „ Индикатори за квалитетот на рабоата на училиштата“ издадена од ДПИ.
- Ќе биде презентирана и усвоена на Наставнички совет и Училишен одбор во август 2020 .

**Самоевалуиацијата ја работеа сите наставници и стричните соработници распределени во 7 тима согласно новите подрачја за самоевалуација:**

| | |
|---|---|
| **I.ТИМ – ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО** | 1Сузана Спасовска - **ОДГОВОРЕН**<br>2.Александара Митровска<br>3.Валентина Кикеркова<br>4.Орце Лазаров<br>5.Виолета Трпевска |
| **II.ТИМ – ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ** | 1.Марија Лозаноска - **ОДГОВОРЕН**<br>2.Биљана Илиева<br>3.Ане Мишовска<br>4.Снежана Проковиќ |
| **III.ТИМ- УЧЕЊЕ И НАСТАВА** | 1.Татјана Карафиловска-- **ОДГОВОРЕН**<br>2. Елена Симоновска/ Петранка Ристевска<br>3. Розица Трајковска<br>4. Наташа Старделова<br>5. замена за в.д.директор |
| **IV.ТИМ- ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ** | 1.Анета Георгиева -**ОДГОВОРЕН**<br>2. Билјана Анушев<br>3. Билјана Јовановска<br>4. Елена Иванова |

| | |
|---|---|
| | 5. Радмила Стефаноска |
| **V. ТИМ- УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА** | 1.Емилија Филипоска--**ОДГОВОРЕН**<br>2. Дејан Стоимановски<br>3.Лилјана Крстевска<br>4.Валентина Терзиева<br>5.Виолета Божиновска |
| **VI. ТИМ.РЕСУРСИ** | 1.Билјана Несторовска - **ОДГОВОРНА**<br>2.Филип Ускоков<br>3.Гордана Ангелковска<br>4.Билјана Петрушевска<br>5.Тања Петков/замена за наставник на породилно отсуство |
| **VII.ТИМ .УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ** | 1. Јасмина Лакинска - **ОДГОВОРЕН**<br>2. Зоран Божиновски<br>3. Александар Георгиевски<br>4. Јаворка Паскоска<br>5. Елена Петрушевска |

Од изработената Самоевалуација произлегоа следниве предлог мерки и **приоритети** по подрачја потребни за изготвување на новиот Развоен план на училиштето:

### Подрачје бр. 1 ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО

- Изнаоѓање начин за одржување и обновување на постоечата компјутерската техника;
- Обезбедување на современи нагледни средства (смарт табли, проектори,таблети, печатари).

### Подрачје бр.2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Недоволен број на примероци од лектирни изданија според наставната програма;
- Недостаток на современи наставни (нагледни) средства и потрошен материјал;
- Поголем акцент на интерактивната настава и менаџирање во училница;
- Воведување на кабинетска настава.

### Подрачје бр. 3 УЧЕЊЕ И НАСТАВА

- Изнаоѓање начин за одржување и обновување на постоечата компјутерската техника;
- Обезбедување на современи нагледни средства (смарт табли, прожектори,таблети);
- Изнаоѓање унифициран пристап за онлајн настава и комуникација со учениците при учење од далечина.

## Подрачје бр.4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Изнаоѓање начин за одржување и обновување на постоечата компјутерската техника;
- Обезбедување на современи нагледни средства (смарт табли, ЛЦД проектори,таблети);
- Поголем акцент на интерактивната настава и менаџирање во училницата.

## Подрачје бр. 5 - УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА

- Подобрување на професионалната соработка наставник-наставник;
- Подобрување на мотивираноста на учениците за поголемо почитување на кодексот на однесување во училиштето
- Воспоставување на соработка со други основни училишта од нашата држава, а и надвор од неа по принцип на размена на искуства преку компјутерска технологија;
- Мотивирање на родителите на проблематичните ученици, да соработуваат повеќе со наставниците и стручната служба;
- Потреба од дефектолог кој работи континуирано со децата со ПОП од нашето училиште;
- Обезбедување услови за оддржување на безбедна настава во време на вируси и зарази;

## Подрачје бр. 6 - РЕСУРСИ

- Реновирање на тоалетите во фискултурната сала, на канцеларијата на стручна служба( промена на подот), директор, секретар и наставничката канцеларија;
- Изнаоѓање на нови начини на финансиското работење;
- Набавка на наставни и нагледни средства, лектири, печатар во боја, ЛЦД проектор, смарт табла.

## Подрачје бр.7 УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

- Реновирање на тоалетите во фискултурната сала, на канцеларијата на стручна служба( промена на подот), секретар и наставничката канцеларија;
- Осветлување на училишниот двор;

- Реновирање на водоводната инсталација во училишната зграда;
- Набавка на наставни и нагледни средства, лектири, печатар во боја, ЛЦД проектор, смарт табла.

**Од анализата на состојбата во училиштето беа дефинирани следните стратешки цели:**

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1 . Стручно усовршување на наставниот кадар

***РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ:***

**1.1. Обука од наставниот кадар за други заинтересирани соработници за подобрување на благосостојбата во училиштата (организирање на наставата во здрава и чиста еколошка средина), проект Focusing on wellbeing, #WorldEducationWeek #EduBalkan;**
**1.2. Демонстрација и презентација за примена на современи алатки, методи и техники во наставата потребни при реализација на учењето од далечина;**

**1.3. Обука на наставниот кадар за надградба на компетенциите, вештините, знаењата потребни во образованието во услови на пандемија, поддршка во примена на јавните платформи за учење од далечина;**
**Обука на наставникот согласно потребите и барањата на учениците.**

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2. Унапредување на воспитно-образовниот процес

***РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ:***

**2.1. Обезбедување на наставни средства, технички помагала и лектирни изданија;**
**2.2 Обезбедување на канцелариски мебел за директор, секретар, стручна служба и наставничка канцеларија..;**

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3. Унапредување на инфраструктурата во училиштето**

***РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ:***

**3.1 Реорганизација на настава по кабинети и училници во услови на пандемија при далечинско учење, комбинирана настава и редовна настава;**

**3.2. Изнаоѓање на алтернативно решение за затоплување на училиштето, постигнување на енергетска ефикаснот со поддршка на ОКВ и Министерството за економија – секотор за енергетика;**

- **3.3. Подобрување на просторните услови ( соблекуваленитe и тоалетите во фискултурна сала или пренамена на средствата за прозорци во новиот дел на училиштето).**

Развојното планирање ќе биде инплементирано во Годишната програма за воспитно-образовната работа за уч. 2020/2021 г. од страна на членовите на училишната Комисија, а во соработка со в.д.директорот на училиштето.

Комисија за самоевалуација:

- Јаворка Паскоска- психолог - координатор
- Елена Петрушевска- педагог
- Сузана Спасовска –одделенски наставник
- Александар Ѓеорѓиевски – наставник по физичко образование
- Саше Панев – родител од УО
- Дејан Стојчевски – родител од УО

в.д.директор
м-р Валентина Трајкоска